ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ број 11/15 и 35/18) и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија (бр.01-2216/16, 01-730/18, 01-1576/18, 01-187/19, 01-485/20, 01-1013/20, 01-1622/20, 01-250/21, 01-856/21, 01-1977/21, 01-2383/22, 01-2493/22 и 01-819/23), Општина Гевгелија објавува,

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 03/2023

**за унапредување на 1 (еден) административен службеник во општинската администрација на општина Гевгелија**

Општина Гевгелија објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1.**УПР 01 01 В01 000, Советник за комунални работи, Одделение за комунални работи и локални патишта, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина -1 (еден) извршител.**

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, **Високо образование.**
-најмалку три години работно искуство во струката;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Потребни општи работни комепетенции на средно ниво:**

-решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
-учење и развој,
-комуникација,
-остварување резултати,
-работење со други/тимска работа,
-стратешка свест,
-ориентираност кон клиенти/засегнати страни,
-финансиско управување.

**Распоред на работното време:**

-работни часови во неделата: 40,
-работно време: од 8:00 ч. до 16:00 ч.,
-работни денови-понеделник-петок
-паричен износ на основна нето плата: 31.279,00 денари.

.................................................................................................................................

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Гевгелија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници, Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

-да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван;

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

-да поминал најмалку две години на исто ниво;

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Гевгелија, освен во хартиена форма, може да биде испратена и електронски на следната адреса: **vesna_jh@yahoo.com.**

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или

-потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази оригинал или заверени на нотар.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошна постапка.

Бр.04-1123/3
03.07.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
*Андон Сарамандов*